Известување за МТП

Термините за испитите се внесени во распоредот за јунската испитна сесија според доставените предлози од предметните професори, но се флексибилни. Отстапки од наведените термини во распоредот на јунската испитна сесија се возможни во консултација и организација помеѓу предметниот професор и студентите кои се пријавиле за полагање во оваа сесија.

Полагањето на теориските испити ќе се изврши преку е-испити (по електронски пат или онлајн по избор на предметниот наставник). Текот на испитот и редоследот на испрашување се во организација на наставникот.

Во посебен случај поради спецификите на одредени теориски предмети ќе бидат овозможени консултации, предавања и испити со физичко присуство на предметен наставник и студенти во просториите на ФМУ (во училниците 0/1 и 0/2 на приземје) според претходно испланиран распоред  и строго следејќи ги протоколот и здравствените препораки на Министерството за здравство и Министерството за образование и наука.

Важна напомена:

Термини за користењето на овие училници надвор од распоредот на јунската испитна сесија  предметните професори треба да најават во Деканат кај Анета Окардова. Секој наставник кој најавил и добил термини при влегување во училница ја сноси целата одговорност за одржување на редот: ќе добие документ на кој ќе внесе име и презиме, потпис, список на студенти кои ќе бидат во училницата или ќе влегуваат/излегуваат во определениот термин. Напоменуваме дека според протоколот од Министерството за образование и наука (кој е во прилог на ова известување) бројот на студенти кои истовремено со професорот ќе бидат присутни во 0/1 или 0/2 не смее да надминува 12, притоа треба: да се одржува пропишаното растојание од 2м, да се носи заштитна опрема (заштитни маски), да се проветрува просторијата, да се почитуваат термините за дезинфекција на просториите итн.

ФМУ – Скопје